# ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ДРУШТВОТО НА МАТЕМАТИЧАРИТЕ И ФИЗИЧАРИТЕ НА СРМ, ПОДНЕСЕН НА XIV ГОДИШНО СОБРАНИЕ, ОДРЖАНО ВО СКОПЈЕ

Работата на Друштвото во овој изборен период (од 11-II-1964 до 30-I-1965 г.) се одвиваше во нешто подобри услови одколку во преходниот период.

Во текот на овој период Управата на Друштвото одржа вкупно 7 состаноци на кои беа третирани различни проблеми. На првиот од овие состаноци беа формирани комисии за наставни прашања по математика и физика, како и редакциони одбори на часописот ,,Билтен на ДМФ на СРМ", односно на семестралниот додаток на овој часопис ,,Информативен билтен на ДФМ на СРМ". На останатите состаноци се дискутираше за организацијата на секциите на друштвото, за одржување на семинари за наставниците по математика и физика, за изведување на натпреварите по математика и физика за учениците од основните и средните училишта на СРМ, како и потребата од менувањето на правилата на Друштвото. Со останатите републички друштва, како и со Сојузот на друштвата на математичарите и физичарите, нашето Друштво одржуваше врски преку размена на записниците од седниците на управите, односно преку учествување на преставници на нашето Друштво на состаноците на разни сојузни комисии.

Што се однесува до формирањето на секциите, може да се рече дека до сега е формирана само секцијата од Битола, додека останатите секции не работаат. Во врска со тоа се предлага на ова собрание да разгледа можност, според новата поделба на нашата репупублика по општини, во секоја општина да се формира секција од по најмалку 5 члена, која би можела, покрај останатото, и да ги застапува своите членови пред надлежните органи на управувањето.

Издавачката дејност на Друштвото во оваа година одеше редовно, но, поради поскапувањето на печатарските услуги, дојде до извесни тешкотии. Поради тоа, се одлучи во иднина статиите објавени во ,,Билтенот", да не се хонорираат. При издавањето на ,,Информативниот билтен" главни тешкотии се јавуваат поради немање на достаточен број на соработници.

И во оваа година растурањето на стручна литература преку Друштвото — за математичари — се обавуваше со успех, макар во смален обем. Се набавени и потоа распродадени меѓу членовите околу 300 руски математички книги. Оваа активност на Друштвото, која до сега се одвиваше по иницијатива на поодделни членови, би можела да се нормализира и прошири со

поставување на едно административно лице на Друштвото. Од оваа година Друштвото престана со растурање на списанието „Настава математике и физике", бидејќи тоа одеше со разни технички и финансиски тешкотии, и затоа сега се препорачува на членовите индивидуално да се претплатуваат на овој часопис. Освен тоа им се препорачува и да го пропагираат меѓу учениците списанието „Математичко-физички лист за ученике средњих школа", како што тоа и до сега се остваруваше.

Управата го разгледуваше и прашањето за одржување на редовни научни и стручни состаноци на членовите, кои би требало да бидат организирани преку секциите. Но, на жалост, такви состаноци не се одржавале ниту во Скопје.

Финансиската положба на Друштвото од година во година се влошува. Наплатувањето на членарина оди тешко и во Скопје, а во другите места таа воопште не се собира. Од Републичкиот одбор на Социјалистичкиот сојуз за 1964 г. не се доби никаква помош, поради не навременото поднесување на барање од страна на старата управа. Дотацијата за издавачката дејност не е наголемена, и покрај тоа што печатарските услуги станале поскапи. Затоа, за Друштвото беше од големо значение што барем за организирањето на натпреварите по математика и по физика од страна на Секретаријатот за просвета му беше излезено во пресрет со обезбедувањето на нужната сума за изведување на овие натпревари.

Една од најголемите активности на нашето Друштво преставува одржавањето на традиционалните натпревари по математика и физика. И оваа година, како и во предходните, се одржа републичкиот натпревар по математика за учениците од III и IV клас на гимназиите и средните стручни школи, како и натпревар по физика за учениците од истите школи. Натпреварот по математика се одржа на 26-IV-1964 г. во Скопје, а сите натпреварувачи беа повикани два дена порано на заеднички припреми. Во натпреварот учествувале 130 ученици од кои двајца, после учествувањето на сојузниот натпревар во Београд, беа упатени и на олимпијада во Москва, каде еден од нив доби сребрена медаља. Републичкиот натпревар по физика беше одржан на 16-V-1964 г. и во него зедоа учество околу 80 ученици. Тој се состоеше од теоретски и од експериментален дел. При тоа се покажа дека во експерименталниот дел имале поголем успех учениците од школите во кои се изведува кабинетска настава и има лаборатории и дека најслаб успех можеше да се констатира во решавањето на поставените задачи. Овој факт потврдува дека решавањето на задачите го нема своето место во наставата по физика и дека би требало во овој однос нешто да се преземе.

Најпосле, со оглед на тоа дека во 1965. година, од 4 до 10 октомври, ќе се одржи IV конгрес на Сојузот на друштвата на математичарите физичарите во Сараево, треба да се преземат мерки што поголем број на членовите на Друштвото да учествуваат на конгресот. Во таа смисла треба да се преземат соодветни чекори како при пооделни школски одбори, така и при органите на управувањето при општинските собранија и Републичкиот совет за просвета на СРМ.